**НАЦРТ**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8, член 20 став 1 алинеја 11, а во врска со член 144 став 3 и став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и член 15 став 1 алинеја 7 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-1466/6 од 27.02.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 7-та седница одржана на 27.02.2015 година, донесе:

# НАЦРТ - П Р А В И Л Н И К ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛОКАЦИИТЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ СИГНАЛИ ОД ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ДАВАТЕЛИТЕ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

## I. Општи одредби

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој Правилник се одредуваат локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (далечните собирни точки) како и централната локација за прибирање на сигналот од далечните собирни точки.

.

## II. Посебни одредби

Член 2

Централната локација за прибирање на сигналот од локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се наоѓа во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Член 3

Локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, се сместени во следниве населени места во секој од регионите:

- собирна точка Скопје, лоцирана во Скопје која служи како собирна точка за регионот Д1- Црн Врв/Скопје
- собирна точка Велес, лоцирана во Велес која служи како собирна точка за регионот Д1- Црн Врв/Велес
- собирна точка Куманово, лоцирана во Куманово која служи како собирна точка за регионот Д2-Страцин.
- собирна точка Штип, лоцирана во Штип која служи како собирна точка за регионот Д3 – Туртел.
- собирна точка Струмица, лоцирана во Струмица која служи како собирна точка за регионот Д4- Боскија
- собирна точка Битола, лоцирана во Битола која служи како собирна точка за регионот Д5-Пелистер.
- собирна точка Охрид, лоцирана во Охрид која служи како собирна точка за регионот Д6-Мали Влај.

- собирна точка Дебар, лоцирана во Дебар која служи како собирна точка за регионот Д7 - Стогово, и
- собирна точка Тетово, лоцирана во Тетово која служи како собирна точка за регионот Д8-Попова Шапка.

Член 4

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво согласно членот 62 став (4) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје.

Член 5

До собирната точка Скопје, својот сигнал треба да го достават операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во регионалното подрачје Д1/Црн Врв - Скопје, односно во град Скопје и општините: Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште.

До собирната точка Велес, својот сигнал треба да го достават операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во регионалното подрачје Д1 /Црн Врв-Велес, односно во општините: Велес, Чашка, Свети Николе, Лозово, Градско, Росоман, Неготино и Кавадарци.

До собирната точка Куманово, својот сигнал треба да го достават операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во регионалното подрачје Д2-Страцин, односно во општините: Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка и Кратово.

До собирната точка Штип, својот сигнал треба да го достават операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во регионалното подрачје Д3-Туртел, односно во општините: Штип, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновци, Виница, Делчево, Пехчево и Берово.

До собирната точка Струмица, својот сигнал треба да го достават операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во регионалното подрачје Д4-Боскија, односно во општините: Струмица, Радовиш, Конче, Василево, Босилево, Ново Село, Дојран, Богданци, Валандово и Гевгелија.

До собирната точка Битола својот сигнал треба да го достават операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во регионалното подрачје Д5-Пелистер, односно

во општините: Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Пласница, Кичево и Македонски Брод.

До собирната точка Охрид, својот сигнал треба да го достават операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во регионалното подрачје Д6-Мали Влај, односно во општините: Охрид, Струга, Вевчани и Дебарца.

До собирната точка Дебар, својот сигнал треба да го достават операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во регионалното подрачје Д7-Стогово, односно во општините: Дебар, Маврово и Ростуша и Центар Жупа.

До собирната точка Тетово, својот сигнал треба да го достават операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во регионалното подрачје Д8-Попова Шапка, односно во општините: Тетово, Гостивар, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Желино, Јегуновце и Теарце.

## III. Завршни одредби

### Влегување во сила

Член 6

Овој правилник влегува во сила веднаш, по објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 31.01.2016 година.

**Бр.__________**
**______.2015 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

____________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**